ОПМ

ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ НА МАКЕДОНИЈА

# ОДОБРЕНИЕ за градба

## Сакате да градите?

## Што е потребно за да добиете одобрение за градба?

1. Да поседувате документ со кој ја докажувате сопственоста, а тоа е:
   - имотен лист или
   - судски заварен купопродажен договор;
2. Се обраќате во Подрачната единица за транспорт и врски во вашата општина, усмено или писмено каде во зависност од вашиот интерес ќе ви се даде објаву–вање за:
   - што е предвидено за градба на конкретната локација, согласно планската документација,
   - извод (графички прилог) од планската документација
   - урбанистичко–архитектонски услови

***Рокот за добивање на бараната информација или документ е веднаш (усмено) или за неколку работни дена;***

3. Со добиениот документ можете да размислувате за вашите желби и можности и во договор со Архитектот да се припреми проектно–техничка документација. Документацијата треба да е завере–на од соодветна организација регистрирана според важечките законски прописи.

**Содржина на проектно-техничката документација е:**

- фаза архитектура
- фаза статика (без арматурни детали)
- фаза водовод и канализација
- фаза електрична и грејна инсталација



4. Со проектно–техничката документација, во наре–дната фаза потребно е да ги прибавите сите согла–сности за инфраструкту–рата и подземниот ка–рактер, а тоа е:
   - електроенергетска согласност
   - ПТТ согласност
   - согласност за приклучок на водовод и канализација и

- согласност за приклучок на градски топловоден систем.

5. Со целокупната прибавена документација со писмено барање се обраќате до Подрачната единица за транспорт и врски во вашата општина за добивање Одобрение за градба, кое се издава во рок од 15 дена. Составен дел на барањето за Одобрение за градба е и склучен договор за плаќање на надоместокот за комуналното уредување на градежно земјиште со соодветниот надлежен орган. При тоа, согласно законската регулатива, за поткровен простор инвеститорот се ослободува од плаќање на комуналниот надоместок;

6. Протоколот и записникот за започнување на градбата го спроведува Подрачната единица или одделението за катастар во соодветната општина;

7. Градбата на објектот е законски следена од Републичкиот инспекторат за транспорт и врски кој врши контрола дали градбата се изведува согласно Одобрението за градба.



8. **За брза, стручна и економски оправдана градба, потребно е да обезбедите градежен надзор од стручно лице** што ќе го гарантира изведувањето според проектот, квалитетот на градбата, вградените количини и материјали.

9. По завршување на градбата, надзорниот орган изготвува Записник со кој се констатира состојбата на објектот.

Градбата е завршена и објектот се предава во употреба.

*Среќно!*

# ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ НА МАКЕДОНИЈА-ОПМ

ОПМ е непрофитна, невладина и непартиска организација основана во 1996 година со седиште во Скопје. Придружена членка е и активно соработува со Меѓународната организација за заштита на потрошувачите Consumers International со седиште во Лондон како и со соодветни потрошувачки организации во светот. Особено е значајна соработката со германската асоцијација на заштита на потрошувачите AgV (Arbeitsgemeinschaft der Verbausherverbande-AgV) со седиште во Бон, со која ОПМ го реализира GTZ–проектот за унапредување на заштитата на потрошувачите во Република Македонија, Активностите на ОПМ се засноваат на правилата за заштита на потрошувачите донесени од страна на Организацијата на обединетите нации во 1985 година. Покрај централата во Скопје, постои мрежа на советодавни бироа во Скопје, Битола, Штип и Охрид.

Советодавните бироа непосредно комуницираат со потрошувачите во заштитата на нивните права и интереси во областа од општото и правното советување кое се однесува на:

- апарати за домаќинство и покуќнина (одговорност, гаранција, сервисирање);
- возила (одговорност, гаранција, сервисирање);
- облека и обувки (гаранција, хемиско чистење, поправки);
- патувања и услуги на туристички агенции (редовна и посебна понуда на туристички агенции);
- финансиски дејности (банковни договори, лично, превозно и стамбено осигурување);
- продажба од „врата до врата“ и продажба по пошта;
- дејности од јавен интерес и др.;

Во рамките на активностите на ОПМ се даваат и специјалистички совети од областа на становањето и домувањето (секој вторник од 14 до 16 часот) и од областа на исхраната (секој четврток од 14 до 16 часот) од страна на експерти за соодветната област. Советувањата се одржуваат со претходно закажување на тел.212–440 и се одржуваат во просториите на ОПМ во Скопје.

## Потрошувачи!

Доколку сте оштетени од одредени производи или услуги,
обратете ни се! Секој работен ден од 08 до 15 часот!
Ќе се обидеме да ви помогнеме.

Организација на потрошувачите на Македонија – Централа
ул. „Водњанска“ б.б., 1000 Скопје
П. фах 150, тел. 02 212–440
Советодавно биро – Штип, ул. „Маршал Тито“ бб,
2 000 Штип, тел/факс 092 385–592
Советодавно биро – Битола, ул. „Браќа Мингови“ бр.5,
6000 Битола, тел/факс 097 228–246
Советодавно биро – Охрид, ул. „Димитар Влахов“ бр. 48,
6000 Охрид, тел./факс 096 33–308

Издавањетона оваа брошура го помогна Германското министерство за економска соработка и развој (BMZ) преку Германската агенција за техничка соработка (GTZ) како и Проектот за мали грантови од Британската амбасада.

*Издавач:*
***Организација на Потрошувачите на Македонија***